Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
74/2011
Датум на објавување:
2.6.11

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 41 став (26) од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11 и 53/11), министерот за транспорт и врски, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕИЗДАДЕНА ДОЗВОЛА ОДНОСНО НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неиздадена дозвола недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола во рокот утврден согласно член 41 став (4) од Законот за јавните патишта.

## Член 2

Барањето од член 1 од овој Правилник се поднесува на образец „Барање заради неиздадена дозвола односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола" во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, место за број и датум, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице - подносител на барањето, седиште на правното лице односно адреса на физичкото лице - подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето и место за потпис на подносителот на барањето.

Кон барањето од став 1 на овој член се поднесува копие од барањето за издавање дозвола.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-7283/1
25 мај 2011 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески** , с.р.

До Писарницата на:

1. Градоначалникот на општината
2. Градоначалникот на Градот Скопје

**Б А Р А Њ Е**

зарради неиздадена дозвола недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола

Од ______________________________________________

**( назив на правно лице /име и презиме на физичко лице)**

______________________________________________

**(седиште на право лице / адреса на физичко лице)**

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам Градоначалникот на општината односно Градот Скопје да постапи по барањето за издавање на дозвола согласно член 41 став 27 од Законот за јавните патишта поднесено под број ________ од__________ до општината односно градот Скопје, чија копија се доставува во прилог.

**Датум и место на поднесување** **Барател**

______________________________ ____________________